МЕЃУНАРОДЕН ЦЕНТАР ЗА СЛАВЈАНСКА ПРОСВЕТА - СВЕТИ НИКОЛЕ

# «МЕЃУНАРОДЕН ДИЈАЛОГ: ИСТОК - ЗАПАД»
## (ФИЛОЗОФИЈА, ЛИНГВИСТИКА И КУЛТУРОЛОГИЈА)

# СПИСАНИЕ
**на научни трудови**

## СЕДМА МЕЃУНАРОДНА НАУЧНА КОНФЕРЕНЦИЈА МЕЃУНАРОДЕН СЛАВЈАНСКИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГАВРИЛО РОМАНОВИЧ ДЕРЖАВИН“

*Година III* *Број 4* *Јуни 2016*

- СВЕТИ НИКОЛЕ, Р. МАКЕДОНИЈА -
- 2016 -

**Издавач:** Меѓународен Центар за Славјанска Просвета - Свети Николе

**За издавачот:** Доц. д-р Јордан Ѓорчев, директор

**Наслов:** «МЕЃУНАРОДЕН ДИЈАЛОГ: ИСТОК - ЗАПАД» (ПСИХОЛОГИЈА, ФИЛОЗОФИЈА, ЛИНГВИСТИКА, КУЛТУРОЛОГИЈА И ОБРАЗОВАНИЕ)

**Организационен одбор:**
Претседател: Доц. д-р Јордан Ѓорчев
Заменик претседател: Проф. д-р Владислав М. Јурјев
Член: м-р Борче Серафимовски

**Уредувачки одбор:**
Проф. д-р Душан Николовски – Р. Македонија
Доц. д-р Александар Илиевски – Р. Македонија
Проф. д-р Мирослав Крстиќ – Р. Србија
Проф. д-р Здравко Гаргаров – Р. Бугарија
Доц. д-р Хаџиб Салкич – Р. Босна и Херцеговина
Д-р Татјана Осадчаја – Русија

**Технички раководител:** Михаела Ѓорчева

**Технички секретар на конференцијата:** Милена Спасовска

**Уредник:** Доц. д-р Јордан Ѓорчев

**Компјутерска обработка и дизајн:** Благој Митев

**ISSN (принт)** 1857-9299
**ISSN (онлајн)** 1857-9302

**Адреса на комисијата:** ул. Маршал Тито 77, Свети Николе, Р. Македонија

**Контакт телефон:** +389 (0)32 440 330

**Организациониот одбор им се заблагодарува на сите учесници за соработката!**

**Напомена:**
Организациониот одбор на Седмата меѓународна научна конференција «МЕЃУНАРОДЕН ДИЈАЛОГ: ИСТОК-ЗАПАД» не одговара за можните повреди на авторските права на научните трудови објавени во списанието. Целосната одговорност за оригиналноста, автентичноста и лекторирањето на научните трудови објавени во списанието е на самите автори на трудовите.

**Печати:** Печатница БУБАМАРА-ХИТ, Свети Николе

**Тираж:** 100

Година 3, Број 4, Јуни 2016, Свети Николе, Република Македонија

179:57(091)

Марија Тодоровска,
Институт за филозофија, Филозофски факултет, Универзитет „Св. Кирил и Методиј", Скопје, Македонија
Marija Todorovska,
Institute for philosophy, Faculty of philosophy, University "Ss. Cyril and Methodius", Skopje, Macedonia
marija.todorovska@fzf.ukim.edu.mk

# ОСНОВАЊЕТО НА БИОЕТИКАТА КАКО ЕТИКА ПРИМЕНЕТА НА ПРАШАЊАТА ПОВРЗАНИ СО ЖИВОТО(Т)

# THE FOUNDATION OF BIOETHICS AS ETHICS APPLIED TO ISSUES CONCERNING LIFE (THE LIVING)

**Апстракт**

Применетата етика, за разлика од, но и комплементарно со, нормативната етика и мета-етиката, се однесува на морални прашања, одлучување и однесување во конкретни случаи од човековиот живот. Со плуриперспективен и мултидисциплинарен пристап, биоетиката се применува на прашања поврзани со живото(т), нудејќи етички решенија за проблеми што се дел од биомедицината, науката, технологијата, правото, јавното здравје, политиката. Во текстот е дадена скица на биоетиката како интегративна позадина на моралното одлучување и однесување во врска со (био)науките, и кратко се опишани карактеристиките на американската, Потеријанска биоетика и постарата, европска биоетика. Така, кусо разгледани се почетоците на европската, метафизичка биоетика на Фриц Јар.

**Клучни зборови**: биоетика, применета етика, Фриц Јар, живо(т), Ван Ранселар Потер

**Abstract**

Applied ethics, unlike, but in a complementary manner with normative ethics and meta-ethics, concerns moral issues, decision-making and moral behaviour in concrete cases of (ordinary) human life. Through a pluriperspective and multi-disciplinary approach, bioethics is applied to issues connected with life (the living), offering ethical solution to problems that appear in biomedicine, science, technology, law, public health, politics. The text presents a brief outline of bioethics as an integrative background of moral decision making in relation to the (bio)sciences, and of the characteristics of American, Potterian bioethics and the older, European bioethics. In that spirit, the beginnings of European, metaphysical bioethics of Fritz Jahr are briefly presented.

**Key words**: bioethics, applied ethics, Fritz Jahr, life (the living), Van Rensselaer Potter

ОБЛАСТ: ФИЛОЗОФИЈА, ЛИНГВИСТИКА И КУЛТУРОЛОГИЈА

Доколку етиката, која е практична дисциплина, се подели на дескриптивна етика, прескриптивна (нормативна) етика и мета-етика, се поставува прашањето дали мета-етиката, која се однесува **на определувањето на природата на моралните концепти и вредносните судови, на можноста за нивно познавателно поткрепување, и на нивното значење, во голема мера преку анализа на логичките и семантичките аспекти на моралниот јазик (како што голем број на енцикопледии, учебници и лексикони ја дефинираат),** би требало да биде под-дисциплина, со оглед на тоа што се поставува како мета-теорија, и дали воопшто било која мета-теорија во одредена дисциплина би требало да се смета за нејзина под-дисцплина. Сепак, доколку етиката се замисли како множество чии членови се областа која се однесува на дескрипција на морални концепции и практики, областа на нормирање на прифатливи концепти, судови и типови на морално одлучување и однесување, и областа која се однесува на природата на начините на кои моралното формулирање и однесување се образуваат и функционираат, тогаш мета-етиката припаѓа како множество во оваа унија, иако се однесува на природата на материјалот од другите две области. Етиката може да се подели на претходно споменатите множества на нормативна етика и мета-етика, и на областа на применетата етика, при што во неа влегуваат сите морални проблеми и прашања од животот на човекот во неговите лични, здравствени, семејни, професионални околности. Нормативната етика се однесува на моралните прашања за тоа што одредено дејство го прави правилно или погрешно, добро или зло, со акцент на претпочитањето на она кое треба да биде, правилното, доброто. Применетата етика ги користи принципите на таквото одлучување, применувајќи ги на конкретни проблеми. Дел од конкретните проблеми во човековото морално одлучување и однесување се поврзани со прашањата за живото(т). Прашањата за живото(т), личноста, смртта и смртноста, здравјето, медицината, био-технологијата, човековиот идентитет во новата епоха и слични се биоетички прашања. Во оваа смисла, биоетиката може да се смета за вид применета етика. Тоа не значи дека сета применета етика е биоетика, затоа што во нејзини рамки влегуваат социјалната етика, професионалната етика (во чии рамки може, но не мора, да се вброи бизнис-етиката), организационата етика, широкото подрачје на етика на одлучување и други, ниту значи дека биоетиката е само применета етика, затоа што и во нејзини рамки има и нормативни и мета-етички области, како и комплексни поврзувања со природните науки, медицината и био-технологијата, односно со науките и дисциплините кои се однесуваат на аспекти од живото или животот. Биоетиката се покажува како нужна (и тоа сè повеќе) во новата епоха, кога сè повеќе е јасно дека проблемите на дефинирањето, одржувањето, разбирањето и подобрувањето на живото(т) не се изолирани факти и појави во медицината, клиничката пракса, јавното здравје, човековите права, одредниците во правото и политиката. Биоетиката се појавила во дваесеттиот век како одговор на потребата за теориско разбирање на моралните проблеми во врска со bios, поради очигледните недоумици што се јавиле како резултат на сомнителни и штетни истражувања со луѓе и уништувањето на природата, за на почетокот на дваесет и првиот век, со вртоглавиот развој на науката и техниката и интензивната социјална стратификација и свесноста за потребата за постигнување на минимум на човеково достоинство и добросостојба за тие да можат да се подобруваат, сè повеќе да се развива како мета-теорија и како применета филозофија. Поставувањето и одговарањето на прашањата за животот

предизвикуваат пројавување на растечко чувство за нивната важност, како и за импликациите на нивното решавање: тоа е биоетичката сензибилност, чие препознавање, артикулирање и негување се едни од најсуштинските цели на интегративната биоетика – биоетика која подразбира плуриперспективност и мултидисиплинарност во соочувањето со ваквите прашања.[1] Биоетиката, може да се определи, функционира како позадина на, или како баланс меѓу проблемите кои се јавуваат во науките за животот и дисциплините кои посредно се однесуваат на прашања за живото(т), а кои таа мета-теориски ги третира, правната регулација на тие проблеми и интервенцијата на јуриспруденцијата, политичкото уредување и импликации на нивните решенија, и значењето, вредноста на целиот тој процес на идентификување, решавање и антиципирање на проблеми во филозофски контекст. Токму затоа важноста на биоетиката е во нејзиниот широк и системски насочен потфат на применета мултидисциплинарност.

Американската или Потеријанска биоетика (според основачот, Ван Ранселар Потер – Van Rensselaer Potter, 1911-2001), всушност, доминантно научна или медицинска етика, концепирана на почетокот на седумдесеттите години од минатиот век како мост кон иднината и насочена кон разбирање на проблемите поврзани со заштитата на човекот и на личноста во био-медицинската сфера, се смета, како за примарна, така и за најважна биоетичка струја. Идејата на Потер, што важи до денес, е дека биоетиката, како спој на био(лошки) науки и етика, е наука што служи како мост меѓу природните науки и хуманистичките науки, а и меѓу минатото и технологизираната иднина. Сепак, додека важноста може да зависи од променливи околности, затоа што, како и областа на која се однесува, и самата е контекст-зависна, и со тоа е флуктуирачка категорија, нејзината примарност може да се доведе во прашање, како хронолошки, така и проблемски. Додека од една страна постои и се развива Потеријанската биоетика, постојат и европски, метафизички корени на биоетиката, појавени мошне порано, во дваесеттите години на минатиот век, во опусот на германскиот теолог Фриц Јар (Fritz Jahr). До пред помалку од дваесет години се верувало дека американскиот биохемичар Потер бил првиот кој го употребил терминот биоетика, прво во текстот „Bioethics: a Science of Survival" („Биоетика: наука на преживување") од 1970 година, а потоа и во меѓникот на дисциплината, неговата книга Bioethics – Bridge to the Future (Биоетика – мост кон иднината), каде ја изразува неговата загриженост за сè поголемата дехуманизација на науката, како и потребата за заштита на природните ресурси, заедно со подоброто разбирање на нужноста за одржување на рамнотежата на еко-системот и потребата за превенција на штета. Не се работи за спротивставени традиции, туку за комплементарни: додека применливоста на медицински и клинички основаната американска биоетика е „попрактична", одредена од приоритетите на американската култура, обидувајќи се прагматично да одлучува за нешта кои се недоречени, сведувајќи се на важни, но кревки „пакети на принципи", европската биоетика е „пометафизичка". Не значи дека поради тоа што е постара, европската биоетика е супериорна или поприлагодена на случувањата во развиениот нов свет, ниту пак значи дека нејзините принципи заостануваат зад американската биоетика насочена кон активно и иновативно решавање на проблеми. Признавањето на две комплементарни традиции и учењето од искуствата на обете е потполно во духот на интегративноста на

1 За биоетикчката сензибилност во Ante Čović, "Wissen und Moralität", Synthesis philosophica 26 (2/1998), 565.

биоетиката во дваесет и првиот век, вклучувајќи ги плурализмот на перспективите и корисноста на различните дисциплини во потребата од интегрирано знаење. Фриц Јар (1895-1953), во свој текст од 1926 година[2] за прв пат го употребил поимот биоетика, со што се легитимирал како еден од првите биоетичари (иако, според водењето по принципи кои современата епоха ги смета за биоетички валидни и вредни, биоетичари може да се идентификуваат и претходно). Во неговиот следен текст „Биоетика: осврт на етичкиот однос на човекот со животните и растенијата", објавен во 1927 година во списанието Kosmos, Handweiser für Naturfreunde Јар ги опишува и принципите на дисциплината.[3] Во 1997 година, на конференција во Тибинген, професорот Ролф Летер (Rolf Löther) од Универзитетот Хумболт го споменал името на Фриц Јар, како автор на кованицата биоетика во дваесеттите години од минатиот век. Откритието за Јар потоа набрзо се проширило низ светот, благодарение на германски, на латино-американски и на хрватски биоетичари. Во првата деценија на овој век, германскиот истражувач Ханс-Мартин Зас (Hans-Martin Sass) од Кенеди Институтот за етика при Универзитетот Џорџтаун спровел екстензивно истражување за Јар. Концепциите на биоетиката, едната метафизичка, другата научна, се комплементарни (се забележало уште од првите истражување на делото на Јар): Јар ја осмислува кованицата биоетика и го развива концептот на дисциплината поаѓајќи од bios, од животот, поврзувајќи ја етиката со животот не само на луѓето, туку и на животните и на растенијата, а Потер, како биохемичар и онколог, етиката ја поврзува со науката. Потер, сепак, не инсистирал до крај дека биоетиката е наука, таа е толку широкоопфатна и има толку апстракции во нејзиниот категоријален апарат, што тој кон крајот на животот претпочитал да ја смета поскоро за религија отколку за наука. Биоетиката се однесува на науките, но самата не оперира со докази, не се заснова на проверливост и повторливост, барем не на начин на кој се очекува во истражувањата на физиката или биологијата, на пример, и во таа смисла не е наука. Потоа, биоетичките проблеми се толку многубројни и може да бидат различно групирани и разгледувани, што доведува до хиперпродукција на текстови, мислења и насоки, кои не можат да бидат споредувани и спротивставувани како научни формулации. Биоетиката мошне рано се ориентирала кон медицински теми, кои, секако, остануваат особено важни, но паралелно се појавила потребата за европеизација, како начин за поврзување со поразновидната и побогата европска култура на перспективи.

Јар ги поставил темелите за биоетиката како нова дисциплина, прифаќајќи го Кантовиот категорички императив и проширувајќи го на животните и на растенијата. Значи, тој се свртел од антропоцентрички основана етика кон широкото сфаќање на bios[4] како резултат на поврзувањето на науката со светите списи. Јар забележал дека психологијата веќе се имала проширено и на психологија на животните, и дека се забележуваат назнаки и за психологија на растенијата, и

2 Хронолошка библиографија во Amir Muzur, Iva Rinčić, "Fritz Jahr – the Father of European Bioethics – a Preliminary Biography and Bibliography", Synthesis philosophica 51 (1/2011): 133-139, прецизен список на 136-137.

3 Одличен приказ на делото на Јар во Iva Rinčić, Amir Muzur, Fritz Jahr i rađanje europske bioetike, Pergamena, Zagreb, 2012. Покрај авторски трудови, од кои се добиени поглавјата поместени во делото (сите поглавја се разработени или доработени веќе објавени трудови на авторите, или пак резултат на работа на други трудови кои ги одвеле во овие насоки, со образложена историја на трудот во секое поглавје, 19-184), поместена е и збирка на статиите на Јар во превод на хрватски јазик, 187-290.

4 Ова поместување на парадигматската матрица не било резултат на интуиција за севкупната меѓусебна поврзаност на животот, како кај Алберт Швајцер (Albert Schweitzer) во речиси истото време; ниту како производ на длабоко религиозно верување дека сите созданија се меѓусебно поврзани, како кај св. Фрањо Асишки (st. Francesco d'Assisi) десетина векови претходно.

поаѓајќи од концепцијата на Ајслер (Eisler) за „био-психика" („Bio-Psychik"), посочил дека во контекстот на научното истражување на неговото време, потребни се неологизам и теорија со силна синергичка порака. Токму досегот на науката, производите на прогресивен и активен човечки ум ќе покажат, сметал, дека нема стабилна основа за застапување на антропоцентричката позиција.[5] Филозофијата, според Јар, некогаш водилка на науките, би требало да се гради и врз фактите на науката. Науките покажуваат дека строгата поделба на луѓе од една страна и на животни од друга страна е неоснована. Според ова, има само еден чекор од био-психика до био-етика, во кој се подразбира претпоставката за морална должност не само кон луѓето, туку кон сите форми на живот (проширувањето на Кантовиот категорички императив). Биоетичкиот императив на Јар гласи: „Почитувај го секое живо суштество во принцип како цел по себе, и по можност и постапувај со него како со такво!" („Achte jede Lebewesen grundsätzlich als einem Selbststzweck, und behandle es nach Möglichkeit als solchen!").[6] Ако Јар се смета за „изумител" на европската биоетика, следејќи го неговиот опус не може да се пропуштат неговите забелешки за одамна постоечката источна филозофија на животот, речиси сосема различна од европската. Всушност, благодарение на опозицијата меѓу Истокот и Западот,[7] биоетичките принципи на Јар стануваат очигледни. Односот кон растенијата и животните на Запад е утилитаристички[8], тие се потребни и се корисни во контекст на одржувањето и преуспевањето на човекот. Но, Јар се прашува за тоа како Божјата заповед „Немој да убиваш!" ја објаснува врската на човекот и животните. И Светото писмо и природните науки упатуваат кон морална одговорност кон животните. Ако петтата Божја заповед не се однесува само на луѓе, тогаш таа би можела еднакво да се примени и на животните и на растенијата, колку и ова да се чини утопистички. Како додавка на неговото фундирање на биоетиката, Јар го воведува и принципот на милоста, на сочувствието, покрај научните факти за непостоењето на квалитативните разлики меѓу луѓето и животните. Овој принцип не е само некој случаен емоционален или ментален конструкт, туку е научен факт што се појавува како емпириски даден феномен на човековата душа. Затоа, сочувството што се има кон животните е истото што се има кон луѓето, и воопшто не е утопистичко, затоа што чувството на (со)милост се чувствува кон живите суштества, а не само кон одредена група на живи суштества.

Биоетиката подразбира конвергенција на различни дисциплини, помирување на перспективи, менување на парадигми, стремење кон интегриран пристап и информираност комбинирана со емпатичност во моралното одлучување при прашањата за живото(т). Комплементарноста на научната и метафизичката струја, на применливоста и применетоста и мета-пристапот, на интеракцијата на западните и источните концепции, чии поврзување допрва ќе

---

5 За ова Јар се повикува на св. Фрањо Асишки, Фридрих Шлаермахер (Friedrich Scheleiermacher), Рихард Вагнер (Richard Wagner), Едвард фон Хартман (Eduard von Hartmann).

6 Од "Wissenschaft vom Leben und Sittenlehre", Mittelschule 40, no. 45 (1926): 604-605. Во „Три студии за Петтата Божја заповед" ("Drei Studien zum 5. Gebot", Ethik: Sexual und Gesellschaftsethik 11 (1943): 183-187), тој се враќа на биоетичкиот императив, подетално образложувајќи го како надградба на Кантовиот категорички императив, евангелското Златно правило, односно Основите на моралот на Шопенхауер.

7 Веројатно е дека Источното учење му било достапно преку Западни автори, како Артур Шопенхауер, иако допрва треба да се утврди до кој степен бил запознаен со филозофијата на Истокот (Ivana Zagorac, "Fritz Jahr's Bioethical Imperative", Synthesis philosophica 51 (1/2011): 141-150, особено 142-143).

8 Јар не заборава дека користењето на животните придонело во постигнувањето на позицијата што човекот ја има во светот, но забележува дека токму научниот напредок може да претставува опасност, оставајќи ги луѓето кршливи и зависни од екстерни причини.

се дооткрива и користи, ја сочинуваат и развиваат биоетиката како интегративна дисциплина, посветена на постојано разрешување на современите проблеми поврзани со живото(т), како теориска позадина и како применета мудрост.